**Република Северна Македонија**

**Проект за подобрување на социјалните услуги -ППСУ проект**
**Кредит бр: 8902 –МК**

# ПОВИК ЗА ПОНУДИ
# за

## Санација на фасада, градежно-занатски работи и столарски работи на детска градинка во општина Кочани

**Реф.бр. MK/SSIP # 2.1.1.3.1.1**

1. Република Северна Македонија доби кредит од Светската Банка за спроведување на Проектот за подобрување на социјалните услуги и има намера дел од добиените средства од овој кредит да ги искористи за плаќања по договор за Санација на фасада, градежно-занатски работи и столарски работи за детска градинка во општина Кочани.

2. Министерството за труд и социјална политика ги повикува квалификуваните понудувачи да достават понуди во затворени плика за Санација на фасада, градежно-занатски работи и столарски работи за детска градинка во општина Кочани.

3. Процесот на набавка ќе се спроведе согласно набавниот метод " Барање за понуди-Request for quotations" согласно "Прописите за набавки на Светска Банка за финансирање на инвестициски проекти (ФИП) - набавки за ФИП за стоки, градежни работи, неконсултантски и консултантски услуги, (Прописи) од јули 2016 година, ревидирано во ноември 2017 година" и е отворен за сите понудувачи како што е наведено во Прописите за набавка.

4. Заинтересираните понудувачи може да добијат дополнителни информации и да направат увид во тендерската документација на адресата наведена подолу од 08:30 до 16:30: Министерство за труд и социјална политика , Кочо Рацин , 14/9, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.

Електронска адреса: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk; sanja.andovska@mtsp.gov.mk

5. Тендерска документација на македонски јазик заинтересираните понудувачи може да ја добијат по поднесување на писмено барање на следнава е-маил адреса: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk; sanja.andovska@mtsp.gov.mk.
Тендерската документација ќе биде доставена електронски или истата ќе може да се подигне лично од просториите на Министерството за труд и социјална политика на Кочо Рацин , 14/9, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

6. Вашата понуда треба да биде во даден формат заедно со пополнета ексел табела – предмер пресметка на ЦД и треба да се приложи во затворен плик, со ознака: ППСУ Проект, реф.бр MK/SSIP#2.1.1.3.1.1 **“Не отворај до 21.06.2022 година– понуда за Санација на фасада, градежно-занатски работи и столарски работи за детска градинка во општина Кочани** “, адресиран и доставен на следната адреса:

Министерство за труд и социјална политика
Даме Груев 14, 1000 Скопје
За: Елизабета Куновска, Менаџер на ППСУ проектот

7. Електронско доставување на понудите не е дозволено.